Тип на документ:
Подзаконски акт
Број на Службен весник:
1/2013
Датум на објавување:
2.1.13

# ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 14 став 1 од Законот за јавните патишта („Службен весник на Република Македонија" бр. 84/2008, 52/2009, 114/2009, 124/2010, 23/2011 и 53/2011, 44/2012 и 168/2012) и член 9 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија" бр. 38/1996, 9/1997, 6/2002, 40/2003, 49/2006, 53/2011, 22/2007, 83/2009, 97/2010 и 6/2012), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 28.12.2012 година, донесе

# ОДЛУКА
# ЗА ОСНОВАЊЕ НА ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА

## Член 1

Се основа Јавното претпријатие за државни патишта.

## Член 2

Јавното претпријатие за државни патишта работи под фирма:
„Јавно Претпријатие за државни патишта."

Скратен назив на фирмата е:
„ЈП за државни патишта."

## Член 3

Седиштето на Јавно претпријатие за државни патишта е во Скопје, на ул. „Даме Груев" бр. 14.

## Член 4

Приоритетна дејност на Јавното претпријатие за државни патишта е планирање, изградба, реконструкција, рехабилитација, одржувањето и заштитата на патиштата, како и управување со државните патишта.

Шифра на дејност на Јавното претпријатие за државни патишта е 64.99 - други финансиско - услужни дејности, освен осигурување и пензиски фондови, неспомнати на друго место.

## Член 5

Јавното претпријатие за државни патишта во рамки на приоритетната дејност ги врши следните работи:
1) управување со државните патишта;
2) предлага петгодишна програма за развој и одржување на државните патишта;
3) постојано следење и контролирање на состојбите на државните патишта;
4) преземање мерки за рационално користење на средствата наменети за државните патишта;
5) вршење инвеститорски работи од областа на државните патишта;

6) наплата на надоместоците за користење на јавните патишта;
7) задолжувања кај домашни и странски финансиски институции;
8) организирање на изработка на студии и проекти за изградба, реконструкција, рехабилитацијата, одржување, заштита и наплата на патарина со право истите да ги отстапува на физички и правни лица во согласност со закон;
9) давање на вршење на работите за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување, заштита, наплатата на патарина на државните патишта на правни лица во согласност со закон;
10) предлагање одлука за започнување на постапка за давање на концесија и/или јавно приватно партнерство на државен пат;
11) издава одобренија, одобрувања и дава мислења согласно со Законот за јавните патишта;
12) организирање на активности поврзани со вршење на броење на сообраќај, заштита на државните патишта, катастар на државните патишта и формирање на неопходни бази на податоци;
13) применување и користење на систем за управување со одржувањето на коловозите (PMS) и систем на управување со одржувањето на мостовите (BMS) и
14) поддршка за изградба на патишта кои не се државни патишта, врз основа на обврски произлезени од закон.

# Член 6

Средствата за основање на Јавното претпријатие за државни патишта се во висина од 5.000.000,00 денари кои се наоѓаат на сметката на Агенцијата за државни патишта во рамки на трезорската сметка, и се дел од салдото кое на денот на отварањето на сметката на Јавното претпријатие за државни патишта и истите од страна на Министерството за финансии ќе бидат префрлени на сметката на Јавното претпријатие за државни патишта заедно со останатите средства кои се наоѓаат на трезорската сметка на Агенцијата за државни патишта.

Средствата за текот на работењето ќе се обезбедуваат преку остварување на приходи од тековното работење и согласно Законот за јавните патишта.

# Член 7

Јавното претпријатие за државни патишта се организира на начин со кој се обезбедува најоптимално вршење на дејноста за кое се основа.

Заради вршење на работите на Јавното претпријатие за државни патишта се формираат:
- подружници за наплата на патарина
- сектори и
- одделенија.

# Член 8

Органи на Јавното претпријатие за државни патишта се: Управен одбор, Одбор за контрола на материјално - финансиско работење и Директор.

# Член 9

Овластувањата, правата, обврските и одговорностите на органите на Јавното претпријатие за државни патишта се утврдуваат со Статутот на Јавното претпријатие за државни патишта.

# Член 10

За вршител на должноста директор на Јавното претпријатие за државни патишта се именува Љупчо Георгиевски.

Вршителот на должноста директор ќе ги врши работите за запишување на Јавното претпријатие за државни патишта во Република Македонија во Централниот регистар на Република Македонија како и другите активности потребни за отпочнување со работа на Јавното претпријатие.

# Член 11

Вработените, средствата и имотот, архивата, како и правата и обврските на Агенцијата за државни патишта се превземаат во Јавното претпријатие за државни патишта согласно член 43 став 4 од Законот за изменување и дополнување на Законот за јавните патишта („Службен весник на Република Македонија“ број 168/2012).

# Член 12

За обврските во правниот промет Јавното претпријатие за државни патишта одговара со сиот свој имот.

# Член 13

Именувањето на членовите на Управниот одбор и членовите на Одборот за контрола на материјално - финансиско работење ќе се изврши во рок од 30 дена од денот на влегување во сила на оваа одлука, а Статутот на Јавното претпријатие за државни патишта ќе се донесе во рок од 30 дена од денот на именувањето на членовите на Управниот одбор.

# Член 14

Јавното претпријатие за државни патишта ќе се регистрира во Централниот регистар на Република Македонија во рок од 15 дена од денот на влегување во сила на оваа одлука.

Со регистрирањето на Јавното претпријатие за државни патишта во Централниот регистар на Република Македонија, во соодветниот регистар ќе се избрише Агенцијата за државни патишта.

# Член 15

Постојните подружници на Агенцијата за државни патишта со денот на влегувањето во сила на оваа одлука продолжуваат со работа како подружници на Јавното претпријатие за државни патишта до формирањето на подружници на Јавното претпријатие за државни патишта согласно оваа одлука и Статутот на Јавното претпријатие за државни патишта.

Лицата овластени за застапување на подружниците на Агенцијата за државни патишта со денот на влегување во сила на оваа одлука продолжуваат да ги вршат работите на овластени лица за раководење со подружниците се до формирањето на подружници на Јавното претпријатие за државни патишта согласно оваа одлука и Статутот на Јавното претпријатие за државни патишта.

# Член 16

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 41-10147/1
28 декември 2012 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Владимир Пешевски,** с.р.